**Одлука бр.25**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија по пат на електронско гласање на ден 20.12.2021 година, донесе

# ОДЛУКА

за бројот на поени/кредити кои тренерите ќе ги стекнуваат со посета на семинари за континуирана едукација и продолжување на лиценци за 2022

## Член 1

Согласно, правилникот на Тренерскиот комитет ТФСМ спроведува континуирана едукација и лиценцирање на тренерите секоја година. Во табелата подолу се наведени поени/кредити кои тренерите ги стекнуваат со посета на семинари, конференции, работилници, вебинари и останати едукативни активности како дел од континуираната едукација.

| РБ | Едукативен настан | Стекнати поени/кредити |
|---|---|---|
| 1 | Светска конференција на тренери – ITF World Coaches Conference | 10 |
| 2 | Европска конференција за тренери - Tennis Europe Coaches Conference | 7 |
| 3 | Национална конференција (ТФСМ) или друга национална тениска федерација | 4 |
| 4 | ITF или Tennis Europe On-line Вебинари поени/кредити за еден ден | 1 |
| 5 | ТФСМ национални семинари 1-3 дена, поени/кредити за еден ден | 1 |
| 6 | Курсеви посетувани на платформата на ИТФ – ITF Academy (максимално на годишно ниво 3 поени/кредити) | Максимум 3 поени/кредити |
| 7 | Семинари организирани од други тениски организации 1-3 дена, поени/кредити за еден ден | 1 |

## Член 2

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 20.12.2021 година